Врз основа на член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 25 став (1) од Законот за кулура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07,116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) Управниот одбор на Националната установа „Камерен оркестар на Битола“- Битола на седницата одржана на ден 31.05.2023 година, донесе:

# С Т А Т У Т
# на Националната установа „Камерен оркестар на Битола“ - Битола

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Предмет на уредување***
**Член 1**

(1) Со овој статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања утврдени со Законот за култура и друг закон, што се од значење за работењето на Националната установа „Камерен оркестар на Битола“ - Битола (во натамошниот текст: НУ Камерен оркестар на Битола - Битола).

(2) Министерот за култура дава согласност на статутот од ставот (1) на овој член.

***Назив и седиште***
**Член 2**

(1) Целосниот назив на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола гласи: „Република Северна Македонија, Национална установа „Камерен оркестар на Битола“ - Битола, Republika e Maqedonisë së Veriut, Institucioni Nacional „Orkestra Kamerike e Manastirit“ – Manastir, Republic of Nort Macedonia, National Institution „Chamber Orchestra of Bitola“ - Bitola“.

(2) Скратениот назив на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола гласи: „НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, IN Orkestra Kamerike e Manastirit – Manastir, Republic of North Macedonia, NI Chamber Orchestra of Bitola – Bitola“.

(3) Седиштето на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е во Битола, ул. „Широк Сокак“ бб“.

***Основач и сукцесија***
**Член 3**

(1) Основач на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е Владата на Република Северна Македонија, со Одлука за основање на Национална установа „Камерен оркестар на Битола“ - Битола („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 39/23).

***Правна положба***
**Член 4**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е непрофитна национална установа од областа на културата со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, овој статут и други општи акти.

(2) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола има својство на правно лице, запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица, НУ Камерен оркестар на Битола - Битола настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба и издвојување) само со претходна одлука на Владата на Република Северна Македонија.

***Печат и штембил***

**Член 5**

(1) Во своето работење НУ Камерен оркестар на Битола – Битола употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 40 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилско писмо е испишан текстот: „Република Северна Македонија, Национална установа Камерен оркестар на Битола – Битола“, со зборот „Битола“ во долниот дел на печатот, а во средината - грбот на Република Северна Македонија.

(3) Штембилот е правоаголен, со димензии: должина 60 мм и ширина 30 мм, над испишаниот текст стои грбот на Република Северна Македонија и со текст испишан на кирилско писмо, под грбот се наоѓа текстот кој гласи: „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, под кој со големи кирилични букви следи текст: „НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА“, под кој со големи кирилични букви следува текстот: „КАМЕРЕН ОРКЕСТАР НА БИТОЛА“. Во средината има ознака: „Бр.______.“ На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: „_____“., под која стои зборот: „Битола“.

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на НУ Камерниот оркестар на Битола - Битола се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се утврдува со општ акт, кој на предлог на директорот Камерен оркестар на Битола – Битола го донесува управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

***Заштитен знак***

**Член 6**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола има заштитен знак.

(2) Заштитниот знак од ставот (1) на овој член симболично го преставува НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, и тоа првенствено го претставува клучот С 𝄡, кој уште се нарекува алт клуч и се користи за виола од гудачките инструменти кој е доизработен и покрај алт клучот, ја претставува скратеницата од називот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола на англиски јазик, изведена од првите букви на називот, односно – COB – **C**hamber **O**rchestra of **B**itola.

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(4) Заштитниот знак го има следниот изглед:

Камерен Оркестар на Битола

Chamber Orchestra of Bitola

***Застапување и претставување***

**Член 7**

(1) Во правниот промет со трети лица, НУ Камерен оркестар на Битола - Битола ја претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да ја претставува и застапува НУ Камерен оркестар на Битола – Битола само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот ја застапува и претставува НУ Камерен оркестар на Битола - Битола во границите на даденото полномошно.

***Овластени потписници на сметките***

**Член 8**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола има буџетска сметка за единка корисник на Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Овластен потписник на буџетската сметка на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола- Битола со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

## II. ОСНОВНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ

***Основна дејност***
**Член 9**

(1) Дејност на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е изведувачка уметност (шифра: 90.01).

(2) Дејноста од ставот (1) е од национален интерес.

(3) Во рамките на основната дејност НУ Камерен оркестар на Битола – Битола ги врши следните функции:

1. Подготовка и јавно изведување на камерни концерти,
2. Афирмација на македонското музичко творештво, преку изведба на веќе создадени оригинални музички дела од македонски автори и потикнување на создавање на нови оригинални музички дела од македонски автори,
3. Унапредување и афирмација на музичката култура во Пелагонискиот регион,
4. Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(4) Проширување на дејноста и други статусни промени на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола може да се направат со измена на овој статут и согласност од основачот, односно Владата на Република Северна Македонија.

***Дополнителна дејност***
**Член 10**

Покрај основната дејност од членот 9 од овој статут, НУ Камерен оркестар на Битола - Битола ги врши и следните дополнителни дејности:

1. Помошни дејности во изведувачката дејност (шифра: 90.02);
2. Репродукција на снимени медиуми (шифра: 18.20);
3. Снимање на звучни записи и издавање на музички записи (шифра: 59.20);
4. Издавање на книги (шифра: 58.11);
5. Издавање на списанија и периодични публикации (шифра: 58.14);
6. Други изведувачки дејности ( шифра: 58.19).

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО

***Организациона поставеност***
**Член 11**

(1) Работењето на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се организира преку организациони единици и работно место во нивниот состав, кои поблиску се утврдуваат со правилник за организација на работата и со правилник за систематизација на работните места.

(2) Со правилниците од ставот (1) таксативно се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационите единици, како и потребниот број извршители, за нивно извршување.

(3) Вршењето на работите на вработените како давателите/носителите на услугите во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се уредува во согласност и со Законот за културата и соодветниот закон за дејноста, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор и прописите од областа на културата.

## IV . ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

### Орган на раководење

***Директор***

**Член 12**

(1) Орган на раководење на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е директорот.

(2) Директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола ги врши следниве работи:

- Ја води работата на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола;
- Ја застапува НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Донесува годишна програма за работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола, по претходна согласност на Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на годишната програма за работата на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола;
- Донесува акти за систематизација и организација на работните места;
- Донесува решенија за избор по јавен оглас;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
- Формира уметнички, односно стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со овој статут;
- Склучува договор со кој ангажира надворешно лице како уметнички советник согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола;
- Доставува извештај на секои шест месеци до министерот за култура за финансиското работење на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола, во согласност со Законот културата;
- Доставува извештај во првиот квартал во тековната година за претходната година до Министерството за култура за реализацијата на годишната програма за работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола, во согласност со Законот за културата;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура;
- Формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап во согласност со Законот за културата;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
- Донесува решенија за аудиција и реаудиција во согласност со Законот за културата;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Води преговори за Колективниот договор на ниво на работодавец и го потпишува Колективниот договор на ниво на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола од страна на надлежните органи и
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

**Член 13**

(1) Директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) Огласот за директор го распишува Министерството за култура, во согласност со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој статут.

(4) Министерот за култура го избира и разрешува директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директор избран од редот на вработените лица во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготвка.

**Член 14**

(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој статут, односно лицето треба:

1. Да е државјанин на Република Северна Македонија;
2. Во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. Да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од научното подрачје на општествените науки или од научното подрачје на хуманистичките науки;
4. Да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5. Да има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
   - АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

**Член 15**

Директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола должен е на секои шест месеци да доставува извештај за финансиското работење на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола до министерот за култура на начин утврден со Законот за културата.

**Член 16**

Директорот доколку утврди неправилности во работата на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола должен е да превземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира стручна комисија за разгледување на одреден случај.

**Член 17**

Директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со Законот за културата и/или со друг закон.

**Член 18**

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура веднаш именува вршител на должноста директор на НУ Камерен оркестар на Битол - Битола, без објавување на оглас, од редот на вработените на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на НУ Камерен оркестар на Битол -Битола, а најдолго за шест месеци.

**Орган на управување**

***Управен одбор***

**Член 19**

(1) Орган на управување на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола е управниот одбор.

(2) Управниот одбор го сочинуваат пет претставници што ги именува и разрешува министерот за културата, од кои двајца претставници се од редот на истакнати поеднинци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените во установата. Во установа со помалку од десет вработени, во управниот одбор се именува еден член од вработените, еден од локалната самоуправа и три члена од редот на истакнати поединци од областа на културата. Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа седиштето на установата.

(3) Претседателот и членовите на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се именуваат врз принципот на стручност и компетентност за време од четири години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола им следува соодветен надоместок што го определува министерот за култура.

**Член 20**

(1) Со работата на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола раководи претседателот на управниот одбор.

(2) Управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола работи и одлучува на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Членовите и претседателот на управниот одбор на НУ камерен оркестар на Битола – Битола се должни да присуствуваат на седниците на управниот одбор.

(4) За својата работа, управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е одговорен пред министерот за култура.

**Член 21**

(1) Управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола :

1. Донесува статут;
2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола;
3. Дава согласност на годишната програма на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола по предлог на директорот;
4. Го усвојува годишниот извештај за работата на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола по предлог на директорот;
5. Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола;

6. Донесува документи за финансиското работење на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола, во согласност со прописите за материјално и финансиско работење;
7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот за правата и обврските на вработените од работен однос, за аудиција/реаудиција и за дисциплински мерки и други решенија, во согласост со закон;
8. Дава образложен предлог на министерот за култура за разрешување на директорот;
9. Донесува деловник за својата работа;
10. Го следи остварувањето на годишната програма за работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола ;
11. Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, по предлог на директорот;
12. Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување, по предлог на директорот;
13. Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;
14. Донесува други акти во согласност со овој статут и со закон;
15. Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Министерството за култура и
16. Врши други работи утврдени со закон и статут.

**Член 22**

Претседателот и членовите на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или НУ Камерен оркестар на Битола – Битола не ја остварува својата функција.

**Член 23**

Управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола носи деловник за работа и одлучување на управниот одбор.

**1. Стручни тела**

***Уметнички совет***

**Член 24**

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола може со решение да формира уметнички совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот и делокругот на работа на уметничкиот совет.

(3) Со седниците на уметничкиот совет председава директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

**Член 25**

(1) По потреба, директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола може да основа стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Мандатот и делокругот на членовите на комисите од ставот (1) на овој член трае 2 години.

(3) За член на комисиите едно лице може да биде избрано повеќе пати.

(4) Комисиите за својата работа одговараат на директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и седолжи да поднесат извештај за својата работа.

## V . РАБОТНИ ОДНОСИ

**Член 26**

На правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се применуваат одредбите од Законот за културата и прописите за јавната администрација, за работните односи и колективните договори склучени во согласност со закон.

## VI . ОПШТИ АКТИ

***Други општи акти***

**Член 27**

(1) Одредени прашања од работењето на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се донесуваат особено:

1. Правилник за организација на работата и правилник за систематизација на работните места;
2. Годишен план за вработување во согласност со закон;
3. Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас;
4. Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување;
5. Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;
6. Правилник за заштита при работа;
7. Правилник за заштита од пожар;
8. Правилник за стручно усовршување;
9. Правилник за издавачка дејност;
10. Деловник за работа на управниот одбор;
11. Деловник за работа на уметничкиот совет;
12. Акти за чувањето, обработката и користењето на документацијата и
13. Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон.

(3) Актите на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, важечките законски, подзаконски прописи и овој статут.

**Член 28**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е должна на својата веб страница да ги објави проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола во првиот квартал од тековната година за претходната година доставува извештај до Министерството за култура за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) НУ Камерен оркестар на Битола - Битола на својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма.

**Член 29**

Статутот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола и другите општи акти што ги донесува управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 30**

(1) Иницијатива за донесување на нов статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1. Најмалку една третина од вкупниот број членови на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и
2. Директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

**Член 31**

Изменување и дополнување на статутот и другите општи акти на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола се врши по иста постапка, како и за нивното донесување.

**Член 32**

Сите општи акти што се донесуваат во НУ Камерен оркестар на Битола - Битола се објавуваат на огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

## VII . КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

***Класифицирани информации***

**Член 33**

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

- надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
- како доверливи надлежен орган и ги соопштил на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола;
- во врска со одбраната се означени како класифицирани информации.

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

**Член 34**

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола добиваат ознака „за ограничена употреба“.

**Член 35**

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на

класифицираните информации се определени согласно закон и планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е должна да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае“.

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (1) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

***Прашања поврзани со одбраната***

**Член 36**

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот„ОДБРАНА“, а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо“ „доверливо“ или „интерно“.

**Член 37**

НУ Камерен оркестар на Битола - Битола изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 38**

НУ Камерен оркестар на Битол - Битола, во соработка со Министерството за култура, го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 39**

По барање на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, НУ Камерен оркестар на Битола – Битола е должна да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

***Воена и вонредна состојба***

**Член 40**

(1) Во воена или вонредна состојба, НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе се затекнат во просториите на установата и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и документите, материјалите и податоците кои претставуваат класифицирана информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени со закон.

**Член 41**

Во делот на одбраната во НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, не се изготвуваат посебни општи акти, а директно се применуваат законските и подзаконските прописи прописи за оваа област.

### *Заштита на лични податоци*

**Член 42**

(1) При извршувањето на работните обврски, НУ Камерен оркестар на Битола - Битола има потреба од користење на личните податоци за вработените во НУ Камерен оркестар на Битола - Битола и посетителите на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот, културното наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

**Член 43**

Личните податоци за вработените во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и/или од него овластени лица.

**Член 44**

Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

## VIII . ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 45**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола - Битола е должна да води евиденција согласно прописите за канцелариско и архивско работење, матична книга на вработени и книга за пошта и електронски каталог на нотен материјал.

(2) НУ Камерен оркестар на Битола - Битола може да води и друг вид евиденција и документација, во согласност со законските прописи, овој статут и актите на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

## IX . ФИНАНСИРАЊЕ

### *Извори на средства*

**Член 46**

(1) Средствата за работа на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финасирање;
- Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
- Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
- Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Влезници;
- Приходи од услуги;
- Договорни активности;

(3) Висината на цената на услугите во смисла на став (2) на овој член ги утврдува управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола со одлука, со која се определува видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник).

## X . ИНФОРМИРАЊЕ

***Известување на вработените***

**Член 47**

(1) Известувањето на вработените во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола се врши на начин достапен на секој работник.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку огласната табла на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласната табла се објавуваат општите акти на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, поединечните акти на управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и на директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, соопштенија и други пишани акти.

(4) Раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола и постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност во согласност со закон.

***Известување на јавноста***

**Член 48**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола - Битола ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(3) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола.

(4) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола или лицето што тој ќе го овласти во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## XI . ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

***Работно време***

**Член 49**

(1) Работното време на НУ Камерен оркестар на Битола – Битола го определува управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола со одлука, доколку со закон не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, управниот одбор на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола може со одлука да определи поинакво работно време за одделни проекти, програми, акции или други активности, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

***Штрајк***

**Член 50**

Вработените во НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, имаат право на штрајк организиран во согласност со закон и со колективен договор.

***Имот на установата***
**Член 51**

(1) НУ Камерен оркестар на Битола – Битола не располага со сопственичка имотно правна документација за имотот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола.

(2) За движниот имот и недвижниот имот на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола се води книговодствена евиденција и иститот се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

## XII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Усогласување на работата***
**Член 52**

НУ Камерен оркестар на Битола – Битола ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој статут во рок од еден месец од денот на неговото влегување во сила.

***Донесување на општите акти***
**Член 53**

(1) Правилникот за организација на работата и правилникот за систематизација на работните места, усогласени со овој статут, ќе се донесат во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој статут.

(2) Другите општи акти од член 27 став (2) од овој статут ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут.

***Влегување во сила на овој Статут***
**Член 54**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од министерот за култура.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**на НУ Камерен оркестар на Битола - Битола**

**Претседател,**
**Николина Митревска**